# 92. СНОШТИ ПОМИНАВ ЗАМИНАВ



# 92. СНОШТИ ПОМИНАВ, ЗАМИНАВ

1. Сношти поминав заминав,
покрај битолските касарни,
бен ,сени северам,
чок сени северам,
покрај битолските касарни.

2. Сите момчиња там' беа
само мојто момче го немаше,
бен ,сени северам,
чок сени северам,
само мојто момче, го немаше.

3. Стори ме Боже, престори,
едно сиво, бело гулабче,
бен, сени северам,
чок, сени, северам,
едно сиво бело гулабче.

4. Да легнам, да си полетнам
на рамо да му застанам,
на рамо да му застанам
до две три, думи да кажам
бен ,сени северам,
чок сени северам,
до срце да го изгорам.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996